# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 3 септември 1976
Скопје
Број 28 Год. XXXII

Претплатата за 1976 година изнесува 350 динари. Овој број чини 4 дин. Жиро сметка 40100-601-128


**306.**

Врз основа на член 4 алинеја 2 од Законот за републичкиот буџет за 1976 година („Службен весник на СРМ", број 46/75), Извршниот совет на Собранието на СРМ донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија се доделуваат на Собранието на општината Куманово 1.000.000 динари, како прва помош на Републиката во отклонувањето на последиците од штетите настанати од поплавите од 21 до 23 јули 1976 година во градот Куманово.

2. Средствата од претходната точка се обезбедуваат без обврска на враќање, а ќе се користат преку посебна сметка.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-2017/1
27 јули 1976 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**307.**

Врз основа на член 4, алинеја 2 од Законот за републичкиот буџет за 1976 година („Службен весник на СРМ" број 46/75), Извршниот совет на Собранието на СРМ донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија се доделуваат на Собранието на општината Неготино 500.000 динари, како прва помош на Републиката во отстранувањето на последиците од штетите настанати од поплавите на ден 28. VII. 1976 година во градот Неготино.

2. Средствата од претходната точка се обезбедуваат без обврска на враќање, а ќе се користат преку посебен акредитив.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-2051/1
29. VII. 1976 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**308.**

Врз основа на член 5 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 25/72), а во согласност со точка 7 од Одлуката за начинот на формирањето на цените и за мерките на непосредна општествена контрола на цените на производите и услугите од интерес на Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 19/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### ОДЛУКА
### ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНАТА НА УСЛУГИТЕ ВО ДРУМСКИОТ ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ

1. Со оваа одлука, до склучувањето на Општествениот договор, се определува начинот на формирањето на цените на услугите во друмскиот патнички сообраќај — давање согласност за тарифите.

2. Организациите на здружениот труд што вршат услуги во друмскиот патнички сообраќај можат да ги зголемат постојните цени до 9%.

3. За извршување на оваа одлука ќе се грижи Републичкиот завод за цени.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1. IX. 1976 година.

Бр. 12-2102/1
26 август 1976 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**309.**

Врз основа на член 5 од Уредбата за највисоките износи на патни и други трошоци за службени патувања во странство на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 32/72 и бр. 36/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЈВИСОКИТЕ ИЗНОСИ НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО ШТО ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

1. Надоместокот за дневници што на републичките органи на управата и на републичките организации им се признаваат во материјални трошоци за службени патувања во одделни странски земји изнесува по групи на работни места и тоа:

за Авганистан:

| | | |
|---|---|---|
| I група работни места | 24 | САД долари |
| II група работни места | 22 | „ „ |
| III група работни места | 20 | „ „ |

за Австралија:
I група работни места 40 австралиски долари
II група работни места 35 „ „
III група работни места 30 „ „

за Австрија:
I група работни места 650 австриски шилинзи
II група работни места 610 „ „
III група работни места 550 „ „

за Албанија:
I група работни места 35 пресметковни долари
II група работни места 32 „ „
III група работни места 30 „ „

за Алжир:
I група работни места 40 пресметковни долари
II група работни места 36 „ „
III група работни места 33 „ „

за Ангола:
I група работни места 34 САД долари
II група работни места 30 „ „
III група работни места 28 „ „

за Аргентина:
I група работни места 22 САД долари
II група работни места 20 „ „
III група работни места 18 „ „

за Бахреин:
I група работни места 75 САД долари
II група работни места 70 „ „
III група работни места 65 „ „

за Бангладеш:
I група работни места 48 САД долари
II група работни места 44 „ „
III група работни места 40 „ „

за Белгија:
I група работни места 2.040 белгиски франци
II група работни места 1.736 „ „
III група работни места 1.600 „ „

за Боливија:
I група работни места 40 САД долари
II група работни места 37 „ „
III група работни места 34 „ „

за Боцуана:
I група работни места 23 САД долари
II група работни места 21 „ „
III група работни места 19 „ „

за Бразил:
I група работни места 41 САД долари
II група работни места 38 „ „
III група работни места 35 „ „

за Брегот на Слонова Коска:
I група работни места 44 САД долари
II група работни места 40 „ „
III група работни места 37 „ „

за Бугарија:
I група работни места 38 САД долари
II група работни места 35 „ „
III група работни места 32 „ „

за Бурма:
I група работни места 20 САД долари
II група работни места 18 „ „
III група работни места 16 „ „

за Бурунди:
I група работни места 30 САД долари
II група работни места 28 „ „
III група работни места 26 „ „

за Велика Британија:
I група работни места 19 англиски фунти
II група работни места 18 „ „
III група работни места 17 „ „

за Венецуела:
I група работни места 45 САД долари
II група работни места 41 „ „
III група работни места 37 „ „

за Виетнам:
I група работни места 23 САД долари
II група работни места 22 „ „
III група работни места 20 „ „

за Виетнам ДР:
I група работни места 21 САД долари
II група работни места 19 „ „
III група работни места 17 „ „

за Габон:
I група работни места 51 САД долари
II група работни места 48 „ „
III група работни места 45 „ „

за Гана:
I група работни места 47 САД долари
II група работни места 43 „ „
III група работни места 39 „ „

за Гвајана:
I група работни места 30 САД долари
II група работни места 27 „ „
III група работни места 25 „ „

за Гвинеа:
I група работни места 44 САД долари
II група работни места 40 „ „
III група работни места 38 „ „

за Германска СР:
I група работни места 117 германски марки
II група работни места 107 „ „
III група работни места 97 „ „

за Германска ДР:
I група работни места 45 пресметковни долари
II група работни места 40 „ „
III група работни места 37 „ „

за Горна Волта:
I група работни места 36 САД долари
II група работни места 33 „ „
III група работни места 30 „ „

за Грција:
I група работни места 28 пресметковни долари
II група работни места 26 „ „
III група работни места 24 „ „

за Данска:
I група работни места 280 дански круни
II група работни места 260 „ „
III група работни места 240 „ „

за Дахомеј:
I група работни места 33 САД долари
II група работни места 30 „ „
III група работни места 27 „ „

за Египет:
I група работни места 56 САД долари
II група работни места 52 „ „
III група работни места 48 „ „

I група работни места 42 САД долари
II група работни места 40 „ „
III група работни места 38 „ „

за Екваторијална Гвинеја:
I група работни места 31 САД долари
II група работни места 29 „ „
III група работни места 27 „ „

за Ел Салвадор:
I група работни места 35 САД долари
II група работни места 32 „ „
III група работни места 30 „ „

за Етиопија:
I група работни места 28 САД долари
II група работни места 26 „ „
III група работни места 24 „ „

за Заир
I група работни места 56 САД долари
II група работни места 51 „ „
III група работни места 46 „ „

за Замбија:
I група работни места 47 САД долари
II група работни места 45 „ „
III група работни места 43 „ „

за Израел:
I група работни места 28 САД долари
II група работни места 25 „ „
III група работни места 23 „ „

за Индија:
I група работни места 31 САД долари
II група работни места 29 „ „
III група работни места 27 „ „

за Индонезија:
I група работни места 47 САД долари
II група работни места 43 „ „
III група работни места 41 „ „

за Иран:
I група работни места 45 САД долари
II група работни места 43 „ „
III група работни места 40 „ „

за Ирак:
I група работни места 54 САД долари
II група работни места 49 „ „
III група работни места 44 „ „

за Ирска:
I група работни места 14 англиски фунти
II група работни места 13 „ „
III група работни места 12 „ „

за Исланд:
I група работни места 32 САД долари
II група работни места 30 „ „
III група работни места 28 „ „

за Италија:
I група работни места 24.800 италијански лири
II група работни места 22.400 „ „
III група работни места 20.200 „ „

за Јамајка:
I група работни места 41 САД долари
II група работни места 36 „ „
III група работни места 33 „ „

за Јапан:
I група работни места 58 САД долари
II група работни места 53 „ „
III група работни места 49 „ „

за Јемен НР:
I група работни места 28 САД долари
II група работни места 26 „ „
III група работни места 24 „ „

за Јемен АР:
I група работни места 34 САД долари
II група работни места 31 „ „
III група работни места 28 „ „

за Јордан:
I група работни места 31 САД долари
II група работни места 29 „ „
III група работни места 26 „ „

за Камерун:
I група работни места 49 САД долари
II група работни места 45 „ „
III група работни места 41 „ „

за Канада:
I група работни места 37 канадски долари
II група работни места 35 „ „
III група работни места 33 „ „

за Катар:
I група работни места 66 САД долари
II група работни места 61 „ „
III група работни места 56 „ „

за Кенија:
I група работни места 30 САД долари
II група работни места 27 „ „
III група работни места 24 „ „

за Кина НР:
I група работни места 20 САД долари
II група работни места 18 „ „
III група работни места 16 „ „

за Кипар:
I група работни места 21 САД долари
II група работни места 19 „ „
III група работни места 17 „ „

за Кмерска Република:
I група работни места 25 САД долари
II група работни места 23 „ „
III група работни места 20 „ „

за Колумбија:
I група работни места 22 САД долари
II група работни места 20 „ „
III група работни места 18 „ „

за Конго:
I група работни места 50 САД долари
II група работни места 46 „ „
III група работни места 44 „ „

за Кореја НДР:
I група работни места 37 САД долари
II група работни места 33 „ „
III група работни места 30 „ „

за Костарика:
I група работни места 37 САД долари
II група работни места 35 „ „
III група работни места 33 „ „

за Куба:
I група работни места 53 САД долари
II група работни места 48 „ „
III група работни места 43 „ „

за Кувајт:
I група работни места 73 САД долари
II група работни места 66 „ „
III група работни места 60 „ „

за Лаос:
I група работни места 40 САД долари
II група работни места 38 „ „
III група работни места 36 „ „

за Либан:
I група работни места 31 САД долари
II група работни места 28 „ „
III група работни места 25 „ „

за Либерија:
I група работни места 47 САД долари
II група работни места 45 „ „
III група работни места 43 „ „

за Либија АР:
I група работни места 37 САД долари
II група работни места 33 „ „
III група работни места 30 „ „

за Луксембург:
I група работни места 1.650 белгиски франци
II група работни места 1.500 „ „
III група работни места 1.350 „ „

за Мавританија:
I група работни места 41 САД долари
II група работни места 37 „ „
III група работни места 35 „ „

за Мадагаскар:
I група работни места 34 САД долари
II група работни места 31 „ „
III група работни места 29 „ „

за Малезија:
I група работни места 46 САД долари
II група работни места 41 „ „
III група работни места 38 „ „

за Мали:
I група работни места 38 САД долари
II група работни места 35 „ „
III група работни места 32 „ „

за Малта:
I група работни места 29 САД долари
II група работни места 26 „ „
III група работни места 23 „ „

за Мароко:
I група работни места 30 САД долари
II група работни места 28 „ „
III група работни места 26 „ „

за Мексико:
I група работни места 49 САД долари
II група работни места 46 „ „
III група работни места 44 „ „

за Монголија:
I група работни места 55 пресметковни долари
II група работни места 51 „ „
III група работни места 46 „ „

за Непал:
I група работни места 29 САД долари
II група работни места 27 „ „
III група работни места 25 „ „

за Нигер:
I група работни места 36 САД долари
II група работни места 33 „ „
III група работни места 31 „ „

за Нигерија:
I група работни места 52 САД долари
II група работни места 47 „ „
III група работни места 42 „ „

за Нов Зеланд:
I група работни места 37 САД долари
II група работни места 34 „ „
III група работни места 32 „ „

за Норвешка:
I група работни места 265 норвешки круни
II група работни места 235 „ „
III група работни места 215 „ „

за Обединети Арапски Емирати:
I група работни места 65 САД долари
II група работни места 60 „ „
III група работни места 55 „ „

за Оман:
I група работни места 87 САД долари
II група работни места 78 „ „
III група работни места 70 „ „

за Пакистан:
I група работни места 53 САД долари
II група работни места 49 „ „
III група работни места 44 „ „

за Панама:
I група работни места 32 САД долари
II група работни места 30 „ „
III група работни места 28 „ „

за Парагвај:
I група работни места 27 САД долари
II група работни места 25 „ „
III група работни места 23 „ „

за Перу:
I група работни места 37 САД долари
II група работни места 34 „ „
III група работни места 31 „ „

за Полска:
I група работни места 36 САД долари
II група работни места 33 „ „
III група работни места 30 „ „

за Порторико:
I група работни места 42 САД долари
II група работни места 38 „ „
III група работни места 34 „ „

за Португалија:
I група работни места 33 САД долари
II група работни места 31 „ „
III група работни места 29 „ „

за Романија:
I група работни места 50 САД долари
II група работни места 46 „ „
III група работни места 42 „ „

за Руанда:
I група работни места 39 САД долари
II група работни места 37 „ „
III група работни места 35 „ „

за САД:
I група работни места 42 САД долари
II група работни места 40 „ „
III група работни места 38 „ „

за Саудиска Арабија:
I група работни места 98 САД долари
II група работни места 94 „ „
III група работни места 90 „ „

за Сенегал:
I група работни места 200 француски франци
II група работни места 180 „ „
III група работни места 160 „ „

за Сиера Леоне:
I група работни места 34 САД долари
II група работни места 31 „ „
III група работни места 29 „ „

за Сингапур:
I група работни места 39 САД долари
II група работни места 35 „ „
III група работни места 31 „ „

за Сирија АР:
I група работни места 25 САД долари
II група работни места 23 „ „
III група работни места 20 „ „

за Сомалија:
I група работни места 27 САД долари
II група работни места 24 „ „
III група работни места 22 „ „

за СССР:
I група работни места 46 пресметковни долари
II група работни места 43 „ „
III група работни места 40 „ „

за Судан:
I група работни места 32 САД долари
II група работни места 29 „ „
III група работни места 26 „ „

за Тајланд:
I група работни места 39 САД долари
II група работни места 37 „ „
III група работни места 35 „ „

за Танзанија:
I група работни места 36 САД долари
II група работни места 33 „ „
III група работни места 30 „ „

за Того:
I група работни места 35 САД долари
II група работни места 32 „ „
III група работни места 29 „ „

за Тринидад — Тобаго:
I група работни места 23 САД долари
II група работни места 22 „ „
III група работни места 21 „ „

за Тунис:
I група работни места 29 САД долари
II група работни места 27 „ „
III група работни места 25 „ „

за Турција:
I група работни места 33 САД долари
II група работни места 30 „ „
III група работни места 27 „ „

за Уганда:
I група работни места 33 САД долари
II група работни места 30 „ „
III група работни места 27 „ „

за Унгарија:
I група работни места 37 САД долари
II група работни места 34 „ „
III група работни места 31 „ „

за Уругвај:
I група работни места 23 САД долари
II група работни места 21 „ „
III група работни места 19 „ „

за Филипини:
I група работни места 46 САД долари
II група работни места 44 „ „
III група работни места 42 „ „

за Финска:
I група работни места 43 САД долари
II група работни места 41 „ „
III група работни места 39 „ „

за Франција:
I група работни места 245 француски франци
II група работни места 225 „ „
III група работни места 205 „ „

за Холандија:
I група работни места 110 холандски флорини
II група работни места 100 „ „
III група работни места 90 „ „

за Хондурас:
I група работни места 40 САД долари
II група работни места 36 „ „
III група работни места 33 „ „

за Хонг Конг:
I група работни места 43 САД долари
II група работни места 41 „ „
III група работни места 39 „ „

за Централна Афричка Република:
I група работни места 42 САД долари
II група работни места 38 „ „
III група работни места 35 „ „

за Чад:
I група работни места 47 САД долари
II група работни места 42 „ „
III група работни места 39 „ „

за Чехословачка:
I група работни места 42 пресметковни долари
II група работни места 39 „ „
III група работни места 37 „ „

за Чиле:
I група работни места 29 САД долари
II група работни места 27 „ „
III група работни места 25 „ „

за Швајцарија:
I група работни места 115 швајцарски франци
II група работни места 105 „ „
III група работни места 95 „ „

за Шведска:
I група работни места 195 шведски круни
II група работни места 177 „ „
III група работни места 161 „ „

за Шпанија:
I група работни места 37 САД долари
II група работни места 34 „ „
III група работни места 31 „ „

за Шри Ланка:
I група работни места 32 САД долари
II група работни места 29 „ „
III група работни места 26 „ „

за сите други држави:
I група работни места 40 САД долари
II група работни места 37 „ „
III група работни места 35 „ „

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за највисоките износи на дневниците за службени патувања во странство што им се признаваат во материјални трошоци на републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/75).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-2012/1
20 јули 1976 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов, с. р.**

**310.**

Врз основа на член 58 од Законот за општествениот правобранител на самоуправувањето („Службен весник на СРМ", бр. 47/75), републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето, по претходно прибавено мислење од општинските општествени правобранители на самоуправувањето, донесува

# ПРАВИЛА ЗА ВНАТРЕШНОТО РАБОТЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПРАВОБРАНИТЕЛИ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО

## Глава I

### Општи правила за внатрешно работење

Член 1

Со овие правила се определува внатрешното работење на општинските општествени правобранители на самоуправувањето (во натамошниот текст: општествен правобранител на самоуправувањето) и се обезбедува еднообразно постапување во работата на општествените правобранители на самоуправувањето.

Член 2

Со овие правила се пропишуваат одредбите за начинот на постапувањето на општествените правобранители на самоуправувањето во вршење на функцијата — заштита на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост и за формите на уписниците на општествените правобранители на самоуправувањето.

Член 3

Општествениот правобранител на самоуправувањето донесува распоред за работа со кој се обезбедува уредно и благовремено извршување на задачите при што се води сметка за способностите на работникот.

Член 4

Секој општествен правобранител на самоуправувањето донесува програма за работа за наредната година најдоцна до крајот на месец ноември во тековната година.

Програмата содржи: осврт на задачите на општествениот правобранител на самоуправувањето, приказ на обемот на работата, образложение на предлогот за висината на средствата за работа и слично.

Член 5

На почетокот на годината, а најдоцна до крајот на месец јануари, општествениот правобранител на самоуправувањето составува извештај за својата работа за претходната година.

Покрај останатото, извештајот содржи: осврт на задачите на општествениот правобранител на самоуправувањето, број на вработените, организациони форми преку кои се извршувала работата, обем на работата, изготвени анализи, информации и други извештаи, проблеми што се јавувале во работата, а особено забележаните општествени односи и појави во врска со заштитата на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост со предлози за нивно спречување.

Член 6

Извештајот на општествениот правобранител на самоуправувањето се доставува до собранието на соодветната општина, Сојузот на комунистите, Сојузот на синдикатите и Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија.

Член 7

Заради остварување на меѓусебна соработка и увид на самоуправните односи, остварување на самоуправните права на работните луѓе и заштита на општествената сопственост, општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето, по правило, својот годишен извештај за работа, како и посебни извештаи или информации за работата, појавите и проблемите во остварувањето на својата функција кои ги поднесува на барање на собранието на општината односно општествено-политичките организации, ги доставува и до републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето му доставува препис за отпочнатата иницијатива пред Уставниот суд, како и препис за известување на општествениот правобранител на самоуправувањето на подрачје надвор од СР Македонија за повреди на самоуправните права и општествената сопственост.

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето својот извештај за работа и другите извештаи од посебно значење ги доставува на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Член 8

Работата на општествениот правобранител на самоуправувањето е јавна.

Податоци и други соопштенија од работата на општествениот правобранител на самоуправувањето за објавување во печатот и другите средства за јавно информирање дава општествениот правобранител на самоуправувањето или од него овластено лице.

Член 9

Приемот на работните луѓе и граѓаните го врши општествениот правобранител на самоуправувањето или од него овластено лице.

Член 10

Известувањата на работните луѓе и другите органи и организации за состојбата на предметите ги дава општествениот правобранител на самоуправувањето или друго од него овластено лице.

Известувањето што ќе го дава овластеното лице ќе се ограничи само на нужните податоци од уписниците и списите, а е исклучен секаков разговор за правилноста на одделни дејствија и мерки во постапката.

Член 11

Текстот на правните мерки и средства што ги презема општествениот правобранител на самоуправувањето во писмена форма треба да биде напишан јасно, концизно, читливо, со кирилица и да нема претерана употреба на странски зборови и зборови што не се вообичаени кај работните луѓе.

Член 12

Сите акти од делокругот на работата на општествениот правобранител на самоуправувањето ги потпишува општествениот правобранител на самоуправувањето, а во негово отсуство неговиот заменик.

Општествениот правобранител на самоуправувањето може да го овласти помошникот на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето да потпишува некои акти од работите што му се определени со годишниот распоред за работата.

Член 13

Сите акти и писма се пишуваат на машина за пишување и тоа на цел табак.

Член 14

Во сите акти и писма, во горниот лев агол се става називот на органот, неговото седиште, евидентниот број и датумот.

Член 15

Општествениот правобранител на самоуправувањето се грижи работењето, по можност, што повеќе да се упрости.

За одделни дејствија или работи кои често се повторуваат, по правило, ќе се користат отпечатени обрасци што ги пропишува републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Член 16

За одделни дејствија ќе се користат штембили што ги пропишува републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Задолжително ќе се употребуваат следните штембили:

1. За ставање потврда дека одредено писмо е примено при општествениот правобранител на самоуправувањето;

2. За ставање на датум до кога ќе треба да се чуваат писмената во архивата на општествениот правобранител на самоуправувањето.

Член 17

Со печатот и штембилот ракува работникот што ќе го овласти општествениот правобранител на самоуправувањето.

Член 18

Собирањето и обработувањето на статистичките податоци се врши согласно Упатството за начинот на собирањето и обработувањето на статистичките податоци што го донесува Републичкиот правобранител на самоуправувањето и според Упатството на Заводот за статистика.

Член 19

Сите претставки, поплаки и писмена што се доставуваат преку пошта или кои се доставени непосредно до општествениот правобранител на самоуправувањето, ги прима работник кој е за тоа определен со распоредот за работа и ги врши сите административно-технички работи во врска со примениот поднесок.

Приемот на актите се врши во текот на целото работно време и не може да се ограничи на одделен дел од работното време.

Член 20

Сета пошта доставена до општествениот правобранител на самоуправувањето, освен онаа што е упатена на име на општествениот правобранител на самоуправувањето или е означена како доверлива или строго доверлива, ја отвора работникот што е определен со распоредот за работа.

Член 21

На примениот акт, на првата страна, во средината на горниот дел од табакот со употреба на штембил се назначува називот на општествениот правобранител на самоуправувањето и датумот на приемот.

Ако донесувањето на актот е сврзано со рок, денот на приемот посебно ќе се одбележи.

Член 22

Приемниот работник е должен на барање на поднесителот да го потврди приемот на претставката со ставање на приемниот штембил или со потпис во книгата за предавање на доносителот.

Член 23

Приемниот работник сите примени акти ги заведува во уписникот и другите евидентни книги и ги предава на општествениот правобранител на самоуправувањето во текот на денот во време што е определено со распоредот за работа.

Член 24

Приемниот работник, според дадената резолуција на општествениот правобранител на самоуправувањето, врши распределба на актите преку доставна книга и ги доставува на работниците според распоредот за работа на општествениот правобранител на самоуправувањето.

Актот со кој се основа нов спис добива обвивка (образец бр. 1), во која се прави попис на списите.

Член 25

Обвивката на списите содржи: називот на општествениот правобранител на самоуправувањето, бројот на предметот, органот — лицето по чија иницијатива е отпочната постапката, органот — организацијата чиј акт или дејствие е предмет на постапката и забелешка (рокови, учество на состаноци и сл.).

Внатрешната страна на обвивката содржи: реден број, датум на примањето на актот, содржина, број на листовите, број на прилозите и забелешка.

Член 26

Списите што се однесуваат на предмети што се веќе во тек се задржуваат во тие предмети по хронолошки ред како што тие доаѓаат.

Глава II

**Постапување со примените поднесоци**

Член 27

Општествениот правобранител на самоуправувањето е должен да го прими секој работен човек и граѓанин и секаква писмена претставка и доколку смета дека се работи за повреда на самоуправните права и на општествената сопственост, а за тоа е надлежен друг општествен правобранител на самоуправувањето, ќе се состави службена белешка или записник и веднаш ќе го достави до надлежниот општествен правобранител на самоуправувањето.

Член 28

Општествениот правобранител на самоуправувањето ја врши функцијата на подрачјето на општината за која е именуван.

Доколку дојде до спор за надлежноста меѓу општинските општествени правобранители на самоуправувањето, одлука за тоа донесува републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Член 29

Доколку општествениот правобранител на самоуправувањето овласти свој помошник да води постапка пред суд на здружен труд, уставен суд, редовен суд, а поконкретно не се одредени овластувањата, тогаш овластеното лице може да ги преземе сите дејствија во постапката, а особено да поднесе барање, да повлече барање, да го признае барањето на спротивната странка, да заклучи спогодба, да поднесе правен лек и да се откаже од него, како и да бара издавање на привремени мерки.

Член 30

Општествениот правобранител на самоуправувањето на заменикот и помошниците може да им издаде уверение дека вршат должност на заменик, односно помошник со ознака на бројот на нивната лична карта.

Наведеното уверение, заменикот и помошникот ќе го користат во случаи на потреба да ги запознаваат работните луѓе и другите органи и организации за нивното својство во вршењето на функцијата на општествен правобранител на самоуправувањето.

Содржината на уверението ја пропишува републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Член 31

По повод усменото обраќање на работните луѓе и граѓаните за заштита на самоуправните права и општествената сопственост, општествениот правобранител на самоуправувањето, по правило, составува службена белешка, а во исклучителни случаи и изјави.

Службената белешка содржи: име и презиме на работниот човек и граѓанинот кој се обраќа, неговото својство во здружениот труд, називот на работната организација, органот или друга организација во која го здружил трудот односно во која настанала или претстои да настане повреда на самоуправните права, домашната адреса, причините заради кои се бара општествена заштита на самоу-

правните права на работните луѓе и на општествената сопственост и усмените упатства и објаснувања што се дадени на подносителот на претставката во врска со неговото барање.

Член 32

Општествениот правобранител на самоуправувањето може да ги повикува работните луѓе и граѓаните заради барање на известувања во врска со нивните претставки и изјави кои писмено му ги доставиле. Исклучително ова повикување може да се врши преку телефон и на друг вообичаен начин.

Општествениот правобранител на самоуправувањето доставувањето на писмената го врши со доставница или со повратна доставница (образец бр. 6 и 7).

Член 33

Кога општествениот правобранител на самоуправувањето ќе прими претставка или изјава за повреда на самоуправните права на работните луѓе или на општествената сопственост ќе постапи на следниот начин:

— доколку претставката е писмена ќе ја заведе во уписникот, а доколку се работи за усмена изјава ќе состави службена белешка која исто така ја заведува во уписникот;

— по заведувањето, одлучува кои дејствија непосредно ќе ги преземе за проверување на наодите во претставката, а заради добивање на сознанија на евентуални повреди на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост.

Член 34

Кога општествениот правобранител на самоуправувањето ќе најде дека нема повреда на самоуправните права на работните луѓе и оштетување на општествената сопственост за тоа ќе го извести подносителот на претставката и по потреба ќе му даде поука, што се констатира на службената белешка, а после тоа предметот се архивира.

Член 35

Кога општествениот правобранител на самоуправувањето ќе најде дека е повредено самоуправното право на работникот или на група работници или е оштетена општествената сопственост ќе постапи на следниот начин:

— ќе се обрати до организацијата на здружениот труд, друга самоуправна организација или заедница, општествено-политичка организација или општествена организација, односно орган на општествено-политичката заедница, со чие дејствие општ или поединечен акт донесен во вонуправна постапка е повредено самоуправното право на работните луѓе и општествената сопственост, со предлог направената повреда да се отстрани во одреден рок;

— доколку организацијата на здружениот труд, самоуправната организација или заедница, општествено-политичката организација или општествената организација, односно органот на општествено-политичката заедница го уважи предлогот на општествениот правобранител на самоуправувањето, општествениот правобранител на самоуправувањето ќе следи дали во дадениот рок е отстрането повредувањето на самоуправните права и оштетувањето на општествената сопственост;

— ако повредата на самоуправните права на работните луѓе и општествената сопственост е отстранета за тоа ќе го извести подносителот на претставката и со службена белешка тоа ќе се констатира, после кое предметот се архивира.

Член 36

Ако организацијата на здружениот труд, друга самоуправна организација или заедница, општествено-политичка организација, односно орган на општествено-политичката заедница или друго општествено правно лице не го уважи предлогот на општествениот правобранител на самоуправувањето или истиот не го реализира во остварениот рок, општествениот правобранител на самоуправувањето ќе постапи на следниот начин:

— кога ќе се смета дека тоа е неопходно за заштита на самоуправните права на работниците и општествената сопственост, може да бара да се свика седница на органот на управувањето во организацијата на здружениот труд, односно седница на овластениот орган во друга самоуправна организација или заедница заради разгледување на прашањата што се предмет во претставката;

— може да бара на работниците да им се соопштат, односно да им се објават податоците кои се однесуваат на остварувањето на нивните права или на заштитата на општествената сопственост;

— доколку овластениот работник, односно орган во организацијата на здружениот труд, друга самоуправна организација или заедница или друго општествено-правно лице, не свика седница во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, општествениот правобранител на самоуправувањето, по претходно прибавено мислење од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ и од синдикатите ќе свика седница на органот на управување;

— ќе поднесе барање до надлежниот суд, односно до друг орган привремено да го запре извршувањето на дејствието на организацијата на здружениот труд, друга самоуправна организација или заедница, општествено-политичка организација, односно орган на општествено-политичка заедница, освен собранието на таа заедница, ако смета дека со извршувањето на таквото дејствие тешко ќе се повредат самоуправните права на работните луѓе и ќе се оштети општествената сопственост.

Член 37

Доколку општествениот правобранител на самоуправувањето врз основа на примената претставка најде дека со одлука, односно дејствие на организацијата на здружениот труд, друга самоуправна организација или заедница, односно орган на општествено-политичка заедница, е повредено самоуправното право на работниците или е оштетена општествената сопственост, ќе покрене постапка пред собранието на соодветната општествено-политичка заедница за укинување или поништување на одлука или дејствие со кое е повредено самоуправното право на работниците или е оштетена општествената сопственост.

Член 38

Кога општествениот правобранител на самоуправувањето врз основа на содржината од претставката ќе најде дека може основано да се сомнева дека со повредување на самоуправното право на работните луѓе или општествената сопственост е извршено кривично дело односно стопански престап, ќе го извести надлежниот јавен обвинител за отпочнување на постапка против одговорното лице.

Член 39

Кога подносителот на претставката основано укажува дека може да дојде до повреда на самоуправните права на работниците или општествената сопственост заради тоа што не се донесени самоуправни општи акти или заради тоа што не се преземаат одредени дејствија или мерки, општествениот правобранител на самоуправувањето ќе поднесе барање да се отстранат причините заради кои може да дојде до повреда на самоуправните права и на општествената сопственост.

Кога организацијата на здружениот труд, друга самоуправна организација или заедница, општествено-политичка организација, односно орган на општествено-политичката организација не постапи по барањето на општествениот правобранител на самоуправувањето, ќе се извести собранието на општествено-политичката заедница, односно друг надлежен орган.

Член 40

Кога општествениот правобранител на самоуправувањето ќе дојде до сознание дека со при-

мената на одреден самоуправен општ акт или некое дејствие ќе дојде до потешка повреда на самоуправните права на работниците или општествената сопственост до надлежниот суд, односно друг надлежен орган, ќе поднесе барање за времено запирање од извршување на самоуправниот општ акт или поединечен акт донесен во вонуправната или судска постапка, како и извршувањето на дејствие на организација на здружен труд, друга самоуправна организација или заедница, општествено-политичка организација или на друго општествено-правно лице, односно орган на општествено-политичка заедница, освен собранието на таа заедница.

Член 41

Кога општествениот правобранител на самоуправувањето ќе дојде до сознание дека во самоуправниот општ акт постојат одредби кои се спротивни на уставот или законот и дека со нивната примена може да дојде до повреда на самоуправните права и на општествената сопственост, ќе и укаже на организацијата на здружениот труд и ќе даде иницијатива за усогласување на нивните акти или дејствие со уставот или законот, односно самоуправниот општ акт.

Ако работната организација не го уважи предлогот во определениот рок, општествениот правобранител на самоуправувањето ќе поведе постапка пред Уставниот суд за оценување на уставноста и законитоста.

Член 42

Кога надлежниот суд на здружениот труд ќе го извести општествениот правобранител на самоуправувањето дека покренал постапка во врска со заштитата на самоуправните права на работните луѓе и општествената сопственост, општествениот правобранител на самоуправувањето ќе постапи на следниот начин:

1. Општествениот правобранител на самоуправувањето ќе ја проучи претставката, односно предлогот и ќе одлучи за непосредното учество во конкретната постапка.

2. Ако општествениот правобранител на самоуправувањето оцени дека треба да учествува во конкретната постапка, за тоа веднаш ќе го извести надлежниот суд и ќе го замоли да биде редовно известуван заради благовремено учество во постапката.

3. Општествениот правобранител на самоуправувањето може и сам да преземе конкретни мерки кај организацијата на здружениот труд на која се однесува претставката поради целосно согледување на суштината на спорот и да обезбеди свои придонеси конкретниот спор да се реши, по можност, во вонсудска постапка.

4. Ако општествениот правобранител на самоуправувањето во непосредните контакти со органот, односно организацијата на здружениот труд со чие дејствие или акт е повредено самоуправното право или општествената сопственост, успее спорното прашање да го реши, за тоа ќе го извести судот каде што се води постапката.

5. Ако општествениот правобранител на самоуправувањето покренал постапка кај суд на здружен труд во врска со заштитата на самоуправните права на работните луѓе или општествената сопственост, ќе постапува согласно правилата што важат за учеството во постапката.

Член 43

Кога надлежниот јавен обвинител ќе го извести општествениот правобранител на самоуправувањето дека отпочнал кривична постапка заради повреда на самоуправните права и на општествената сопственост, општествениот правобранител на самоуправувањето, по проучување на предметот и непосредното согледување во организацијата на здружениот труд, треба да му укаже на јавниот обвинител на околностите кои можат да бидат од влијание за правилно решавање на конкретната работа.

Примените известувања од судовите на здружениот труд за отпочнати постапки заради повреда на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост, како и известувањата на јавниот обвинител за отпочнатата кривична постапка, односно отфрлена кривична пријава која се однесува на самоуправните права и општествена сопственост, се заведуваат во уписникот „П", доколку општествениот правобранител на самоуправувањето одлучи да учествува во постапката, а останатите известувања се заведуваат во посебен уписник.

Глава III

**Уписници и помошни книги**

Член 44

Општествениот правобранител на самоуправувањето води уписници.

Уписниците ги води работникот според распоредот за работа.

Уписниците се состојат од потребен број табаци на пропишаните обрасци што се подврзани во книга со тврди корици. На кориците се става ознаката на уписникот и годината на која се однесува.

Уписникот може да се користи и за повеќе години.

Член 45

Општествениот правобранител на самоуправувањето води именици и помошни книги.

Основањето на имениците и помошните книги е на ист начин како и уписниците.

Член 46

Водењето на уписниците се врши по хронолошки ред.

Секој предмет во уписникот се води до свршување на постапката под истиот број.

Првите акти со кои се бара дејствие на општествениот правобранител на самоуправувањето се воведуваат во соодветниот уписник.

Другите акти ќе се вложуваат во уписникот без одделно одбележување.

Член 47

Предметот ќе се смета дека е конечно решен кога општествениот правобранител на самоуправувањето ќе стави ознака тоа што се одбележува во уписникот.

Предметот што е делумно решен се означува така што под редниот број на уписникот се става знакот „ЕВ" — евиденција.

Член 48

Предметите кои на крајот на годината останале несвршени ќе се означат на првата страница од уписникот за наредната година така што ќе се наведат само редните броеви на предметите. Сите впишувања што се однесуваат на тие предмети ќе се вршат понатаму во поранешниот уписник. Кога предметот ќе се реши во наредната година, во поранешниот уписник ќе се стави кај соодветниот реден број знакот за конечното решавање, а на првата страна од новиот уписник ќе се прецрта соодветниот број.

Член 49

Предметите што се заведени во одделните уписници се внесуваат истовремено и во соодветните именици.

Кога предметот е воведен во именикот над редниот број ќе се стави бројот од уписникот што се заокружува.

Член 50

Повремени прегледи на уписниците и imeниците и другите помошни книги врши општествениот правобранител на самоуправувањето или од него овластениот работник.

Член 51

Општествениот правобранител на самоуправувањето ги води следните уписници:

— уписник на предмети „П";
— општ уписник „Р";
— доверлив уписник „Дов";
— строго доверлив уписник „Стр. дов.".

Покрај уписниците од став 1 од овој член општествениот правобранител на самоуправувањето може, по потреба, да води и други уписници и евиденции.

Член 52

Во уписникот „П" се заведуваат сите претставки, предлози, иницијативи и други предмети што се во врска со заштитата на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост, а по кои општествениот правобранител на самоуправувањето презема соодветни мерки и средства.

Во уписникот „Р" се заведуваат сите други предмети што не се заведуваат во уписникот „П".

Во уписникот „Дов" се заведуваат сите доверливи списи.

Во уписникот „Стр. дов". се заведуваат сите списи што имаат строго доверлив карактер.

Член 53

Заради полесно и побрзо пронаоѓање на броевите на предметите во уписниците, општествениот правобранител на самоуправувањето води именици.

Имениците се водат како книги или по системот на картотека.

Имениците кои се водат како книги се поделени според буквите по азбучен ред во доволен број на табаци за секоја буква.

Имениците се водат според името — називот на учесникот на постапката против кого е поднесено барање, а доколку се повеќе учесници тогаш по името на учесникот кој е прв наведен во барањето.

Член 54

Актите што се однесуваат за организацијата на работата и за здружување на трудот при општествениот правобранител на самоуправувањето се заведуваат во уписникот „ОПС" и се распределуваат на групи на следниот начин:

01 — организација на работа,
02 — самоуправување,
03 — општа преписка,
04 — работни односи,
05 — финансиско материјално работење.

Член 55

Списите од доверлив и строго доверлив карактер се воведуваат во одделни уписници.

Строго доверливиот уписник го води лично општествениот правобранител на самоуправувањето, а водењето на доверливиот уписник може да го довери на друг работник.

Член 56

Испраќањето на актите преку пошта се врши преку отпремната книга која се води одделно за препорачаните и одделно за обичните пратки.

Пред носењето на актите во пошта се сумира вредноста на залепените поштенски марки од последното испраќање на поштата. Оваа констатација, како и точноста на впишување ги прегледува и потврдува со својот потпис овластениот работник.

Глава IV

**Службени листови, службени весници и библиотека**

Член 57

На секој број од службениот лист, како и на другите службени листови и нивните прилози, веднаш по приемот ќе се стави печат на насловната страна во левиот горен агол.

На крајот на годината ќе се провери дали службените листови се потполни и дали одделните броеви се средени по редот на излегувањето, па потоа заедно со регистарот ќе се подврзат и се чуваат во библиотеката.

Член 58

Општествениот правобранител на самоуправувањето во сообразност со своите можности и потреби нарачува определен број на службени листови. Покрај тоа во текот на годината можат да се нарачаат поголем број примероци од оние службени листови во кои се издадени закони или пречистени текстови на прописи кои се во почеста употреба.

Член 59

Библиотеката треба да има во достатен број примероци од одделни изданија на закони и други прописи што се употребуваат во секојдневната работа на општествениот правобранител на самоуправувањето.

На секоја новопримена книга или издание на средината на задната страна од првиот внатрешен лист ќе се стави печатот на општествениот правобранител на самоуправувањето, како и на повеќе други листови, после кое се воведува во библиотечната книга под соодветен реден број кој се означува на самата книга по самиот печат на првиот внатрешен лист.

Списанијата и листовите што излегуваат периодично исто така се воведуваат во инвентарната книга.

Издавањето на книга од библиотеката ќе се врши според начинот на организацијата и работењето во библиотеката од страна на овластениот работник.

Член 60

Финансиско-материјалното работење се води според прописите за финансиско-материјалното работење на органите на управата.

Член 61

Толкување на овие правила дава републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Обрасците за уписниците: „П", „Р", „Дов", и „Стр. дов" и обрасците: обвивките на списите, покана за странката, доставница и повратна достава се составен дел на овие правила.

ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 62

Овие правила влегуваат во сила од денот на донесувањето, а ќе се применуваат осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 298
18 август 1976 година
Скопје

Републички општествен правобранител на самоуправувањето,
**Никола Бакулевски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ОПШТИНСКА ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО — КОЧАНИ

**283.**

Врз основа на член 31, став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на вработувањето и за материјалното обезбедување за време на привремена безработност („Службен весник на СРМ", бр. 20/74), Собранието на Општинската заедница на вработувањето — Кочани, на седницата одржана на 13 февруари 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКАТА ЗА ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

I

Придонесот за вработување се пресметува и се плаќа од личниот доход на работниците во кои се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход) по стапка од 0,75%.

II

Одлуката ќе се применува во 1976 година.

III

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Претседател,
**Цонка Хаџивасилева,** с. р.

СИЗ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — КОЧАНИ

**284.**

Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата во Кочани, врз основа на член 16 од Самоуправната спогодба за основање ОСИЗ за општествена заштита на децата и член 36 од Статутот на ОСИЗ за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 23 јануари 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСИЗ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО КОЧАНИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесот за финансирање на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата во Кочани и тоа:

— 0,5% од бруто личниот доход од работен однос на вработените во Општината;

— 0,1% од придонесот од личниот доход од земјоделска дејност; и

— 1% од придонесот од личниот доход од самостојно вршење на стопанска дејност.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година. Истата да се објави во „Службен гласник на општина Кочани".

Број 8
23 јануари 1976 година
Кочани

Претседател,
**Гоше Манасиев,** с. р.

СИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — КОЧАНИ

**285.**

Врз основа на член 35 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита, член 4 од Самоуправната спогодба за основање ОСИЗ за социјална заштита и член 4 од Одлуката за утврдување на стапките на придонесите од доходот на работните организации на здружен труд и установите што остваруваат доход на подрачјето на општината Кочани и член 5 од Одлуката за утврдување на стапките на придонесите од личните доходи на граѓаните за самоуправните интересни заедници во општината Кочани, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 26 јануари 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — КОЧАНИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесот за финансирање на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита и тоа:

1. 0,21% од доходот на ОЗТ и установите што остваруваат доход,
2. 0,25% од личниот доход од работен однос во нестопанството,
3. 0,10% од придонесот од личниот доход од земјоделие,
4. 1% од придонесот од личниот доход од самостојно вршење на стопанска дејност.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година. Истата да се објави во „Службен гласник на општина Кочани".

Број 66
26 јануари 1976 година
Кочани

Претседател,
**Снежана Манева,** с. р.

СИЗ НА СТАНУВАЊЕТО — КОЧАНИ

**286.**

Врз основа на член 6, точка 10 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на становањето на Општината Кочани, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 6 февруари 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Член 1

Основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги организациите на здружениот труд регистрирани како установи распоредени во областите од 1 — 8 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државни органи по дејности, се должни да плаќаат придонес по стапка од 3,4% применувана на доходот и да го внесуваат на сметка на Заедницата на становањето — Кочани.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е остварениот доход, намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход.

Член 2

Организациите и заедниците од областа на културата, социјалната дејност, општествените и државните органи и служби распоредени по областите од 9 — 0 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности, се должни да плаќаат придонес по стапка од 4% применувана на бруто личниот доход и да го внесуваат на сметка на Заедницата на станувањето — Кочани.

Член 3

Обврзници на придонесот на личен доход по стапка од 4%, применувана на бруто личниот доход, се работниците вработени кај работните луѓе што работат со средства на трудот во сопственост на граѓаните и користат дополнителен труд на други лица.

Член 4

Обврзник на придонесот на станбена изградба по стапка од 4% е Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Социјалистичка Република Македонија, за пензионерите и корисниците на правата од пензиско-инвалидско осигурување.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став е месечниот износ на пензијата.

Член 5

Пресметувањето и уплатувањето на придонесот од доходот се врши според прописите за данокот на доход на основните организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници, а од личниот доход според прописите за даноците на граѓаните.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Бр. 01-19-1
6 февруари 1976 година
Кочани

Претседател,
**Васил Василевски,** с. р.

СИЗ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ — — КОЧАНИ

**287.**

Врз основа на член 9, став 1, точка 3 и член 12 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 22, став 3 од Статутот на СИЗ на основното образование — Кочани, Собранието на Самоуправната интересна заедница на основното образование — Кочани, на својата редовна седница одржана на 22 јануари 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1976 ГОДИНА

Член 1

Висината на стапката на придонесот од личен доход од работен однос за основното образование од стопанството и нестопанството за 1976 година се утврдува во износ од 4,50% (сметано на бруто личен доход).

Член 2

Придонесот за основното образование се пресметува и уплатува согласно член 19, став 1 и член 20, 22 и 25 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), а во врска со член 13 од Законот (сојузен) за применување на прописите и за решавање на републичките односно покраинските закони во областа на даноците, придонесите и таксите („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/75).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Број 01-67
22 јануари 1976 година
Кочани

Претседател,
**Арсовски Крсте,** с. р.

СИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ДЕМИР ХИСАР

**288.**

Врз основа на член 27, став 1, точка 3 од Законот за физичка култура и самоуправните интересни заедници за физичка култура („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), а во врска со член 14 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за физичка култура на општината Демир Хисар, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА НА ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР ЗА 1976 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапки на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружениот труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства на Самоуправната интересна заедница на физичката култура на општината Демир Хисар.

Член 2

Во 1976 година се утврдуваат стапки на придонесите и тоа:

1. придонес од доход на ООЗТ — по стапка од 0,15%;
2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанска дејност — по стапка од 0,15%;
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност — по стапка 0,10%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност — по стапка од 0,50%.

Член 3

Во однос на обврзниците, основицата, пресметувањето и уплатувањето на придонесот за физичка култура ќе се применуваат одредбите од член 36, 37, 38 и 39 од Законот за физичка култура и самоуправните интересни заедници за физичка култура („Службен весник на СРМ", бр. 5/74).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Бр. 7
26 декември 1975 година
Демир Хисар

Претседател,
**Јордан Миленковски,** с. р.

СИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ДЕМИР ХИСАР

**289.**

Врз основа на член 11, став 1, точка 3 од Законот за самоуправните интересни заедници за социјална заштита („Службен весник на СРМ", број 5/74) и член 14 од Статутот на СИЗ за социјална заштита на општината Демир Хисар, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР ЗА 1976 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапки на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружен труд и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства за Самоуправната интересна заедница за социјална заштита на општината Демир Хисар.

Член 2

Во 1976 година, се утврдуваат стапки на придонеси и тоа:

1. придонес од доход на ООЗТ, по стапка од 0,50%,
2. придонес од личен доход од работен однос, по стапка од 0,50%,
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 1%,
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 1%.

Член 3

Во однос на обврзниците, основиците, пресметувањето и уплатувањето ќе се применуваат одредбите од член 21, 22, 23 и 24 од Законот за самоуправните интересни заедници за социјална заштита („Службен весник на СРМ", бр. 5/74).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Број 5/1
26 декември 1975 година
Демир Хисар

Потпретседател,
**Борис Сивески,** с. р.

СИЗ НА КУЛТУРАТА — ДЕМИР ХИСАР

**290.**

Врз основа на член 14 став 1 точка 5 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), а во врска со член 19 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата Демир Хисар, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИ НА ПРИДОНЕСИ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА НА ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР ЗА 1976 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапки на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружен труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства на Самоуправната интересна заедница на културата на општината Демир Хисар.

Член 2

Во 1976 година се утврдуваат стапки на придонеси и тоа:

1. придонес од доходот од ООЗТ, по стапка од 0,30%;
2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанска дејност, по стапка од 0,30%;
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 1%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 1%.

Член 3

Во однос на обврзниците основицата, пресметувањето и уплатувањето на придонесот на културата ќе се применуваат одредбите од член 25, 26, 27 и 28 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ", бр. 5/74).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Бр. 06-11/1
26 декември 1975 година
Демир Хисар

Претседател,
**Василе Радевски,** с. р.

СИЗ НА СТАНУВАЊЕТО — ДЕБАР

**291.**

Врз основа на член 5, точка 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето („Службен весник на СРМ", бр. 49/74), Собранието на Самоуправната интересна заедница на станувањето, на седницата одржана на 16 февруари 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИ НА ПРИДОНЕС ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Член 1

Основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружениот труд, регистрирани како установи, распоредени во областите од 1—8 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности, должни се да плаќаат придонес за станбена изградба по стапка од 4% применувана на доходот и да го внесуваат на сметка на Заедницата за станување.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е остварениот доход, намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход.

Член 2

Организациите и заедниците од областа на културата, социјалната дејност, општествените и државни органи и служби распоредени во областите 9—0 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности должни се да плаќаат придонес по стапка од 4% применувана на бруто личниот доход и да го внесуваат на сметка на Заедницата за станување.

Член 3

Обврзници на придонес од личниот доход по стапка од 4% применувана на бруто личниот доход се работниците вработени кај работните луѓе што

работат со средства на трудот во сопственост на граѓаните и користат дополнителен труд од други лица.

Член 4

Обврзник на придонесот за станбена изградба по стапка од 4% е Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за пензионерите и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Пресметувањето и уплатувањето на придонесот од претходниот став е месечниот износ на пензијата и тој служи како основица.

Член 5

Пресметувањето и уплатувањето на придонесот од доходот се врши според прописите за данокот на доход на основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, а од личниот доход според прописите за даноците на граѓаните.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1976 година.

Бр. 01-1
16 февруари 1976 година
Дебар

Претседател,
**Медат Нуредиිноски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕБАР

**292.**

Врз основа на член 36 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71) и член 23 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, на седницата одржана на 23 јули 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА ПОСТОЈАНИОТ ИЗНОС НА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ОД РАБОТНИЧКО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИЗДАДЕНИ ЛЕКОВИ

Член 1

На име учество во трошоците за користење на издадените лекови, освен за лековите за чија примена е потребна интервенција од стручен здравствен работник, осигурените лица плаќаат по 3,00 (три) дин. по еден лек препишан на рецепт и набавен во аптека или друга здравствена работна организација на подрачјето од Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, без обзир на цената (вредноста) на издадениот лек.

По исклучок, ако препишаниот лек е под вредноста од 3,00 дин., осигуреното лице ја плаќа целосно продажната вредност на лекот.

Член 2

Учество во трошоците од претходниот член (партиципација) не плаќаат осигурените лица на кои лековите им се препишани по основ на правото од задолжителните видови на здравствена заштита, како и во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести (член 30 и 32 од законот).

Член 3

Износот на учеството од член 1 на оваа одлука осигурените лица го плаќаат веднаш при подигањето на лекот во аптеката односно здравствената работна организација.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 август 1976 година.

Бр. 01-651
23 јули 1976 година
Дебар

Претседател,
**Дема Ивзи,** с. р.

СИЗ НА СТАНУВАЊЕТО — КАВАДАРЦИ

**293.**

Врз основа на член 5, точка 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето („Службен весник на СРМ", бр. 49/74) и член 20, став 1 и 4 од Статутот на Заедницата, Собранието на Самоуправната интересна заедница за станување — Кавадарци, на седницата одржана на 21 јуни 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Член 1

Основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружениот труд регистрирани како установи, распоредени во областите од 1—8 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности должни се да плаќаат придонес за станбена изградба по стапка од 4% од доходот и да го внесуваат на сметката на Заедницата за станување.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е остварениот доход, намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход.

Член 2

Организациите и заедниците од областа на културата, социјалната дејност, општествените и државни органи и служби, распоредени во областите од 9—0 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности се должни да плаќаат придонес по стапка од 4% применувана на бруто личниот доход и да го внесуваат на сметката на Заедницата за станување.

Член 3

Обврзници на придонесот од личен доход по стапка од 4% применувана на бруто личниот доход се и работниците вработени кај работните луѓе што работат со средства на трудот во сопственост на граѓаните и користат дополнителен труд на други лица.

Член 4

Обврзник на придонес за станбена изградба по стапка од 4% е и Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за пензионерите и корисниците на правата од пензиско и инвалидско осигурување.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став е месечниот износ на пензијата.

Член 5

Пресметувањето и уплатувањето на придонесот од доходот се врши според прописите за данокот на доход на основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, а од личниот доход според прописите за даноците на граѓаните.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јули 1976 година.

Бр. 01-363
18 август 1976 година
Кавадарци

Претседател,
дипл. инж. **Благој Бањански**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ — ГОСТИВАР

**294.**

Врз основа на член 9 и 18 од Законот за самоуправните заедници на образованието („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), член 19 од Самоуправната спогодба за основање на Заедницата на основното образование на општина Гостивар и член 22 од Статутот на Заедницата на основното образование на општина Гостивар, Собранието на Заедницата на основното образование — Гостивар, на седницата одржана на 24 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од личниот доход од работен однос, од личен доход од земјоделска дејност, од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност и од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност. Според овие стапки ќе се утврдуваат средствата на Заедницата на основното образование на општина Гостивар.

Се утврдуваат следните стапки на придонесите што се плаќаат на Заедницата на основното образование на општина Гостивар, по изворите именувани во претходниот став и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос по стапка од 4,6%
2. придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 5,4%
3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност по стапка од 7%
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност по стапка од 7%

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува:

— по точка 1 — од 1. IV. 1975 година,

— по точка 2, 3 и 4 — од 1. I. 1975 година.

Член 3

Со применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0201-368/3 од 21. VI. 1974 година.

Бр. 0201-100
24 март 1975 година
Гостивар

Претседател,
**Манасија Симоноски**, с. р.

# *Огласен дел*

## МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Пасош МА бр. 357960 на име Борис К. Гошев, Валандово. (2073)

Свидетелство за завршено VIII одделение на име Мица Цаневска, Куманово. (2075)

Свидетелство за завршен II клас гимназија, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Кефсере Рамадани, Куманово. (2076)

Свидетелство за завршен испит, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Сабри Исмаиљи, Куманово. (2077)

Свидетелство за завршено II година, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Јаворка Костовска, Куманово. (2078)

Свидетелство за завршено I клас гимназија, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Љутви Реџепи, Куманово. (2079)

Свидетелство за завршен испит издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Неџмедин Исени, Куманово. (2080)

Свидетелства за IV година и завршен матурски испит, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Драги Тодоровски, Куманово. (2081)

Свидетелство за III година, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Драгица Стојановска, ул. „15 февруари" бр. 16, Куманово. (2082)

Ученичка книшка за I клас издадена од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Фикрет Зендели, с. Отља, Куманово. (2083)

Свидетелство за IV клас и свидетелство за положен завршен испит, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Мирјана Машниќ, Скопје. (2084)

Свидетелства од I, II и III година, издадени од Економското училиште „К. Ј. Питу" — Прилеп на име Димче Бориески, с. Боротино, Прилеп. (1887)

Ученичка книшка од IV одделение, издадена од с. Мажучиште на име Бранко Конески, с. Мажучиште, Прилеп. (1888)

Свидетелство издадено од Индустриското училиште „Р. Р. Ричко" — Прилеп на име Никола Спиркоски, ул. „Борка Талески" бр. 188, Прилеп. (1889)

Свидетелство за VII одделение на име Душко Ѓоргиев, ул. „Нови Велес" 22, Т. Велес. (1890)

Лична карта на име Исмет Укшини, ул. „Нобоселска" бр. 143, Тетово. (1891)

Свидетелство за VI, VII и VIII одделение на име Гани Ибраими, с. Боговиње, Тетово. (1892)

Свидетелства од I, II, III и IV клас гимназија и за матура на име Афет Фетиши, с. Нераште, Тетово. (1893)

Свидетелство за завршено VIII одделение, издадено од с. Панчарево на име Марика Александар Станоева, с. Панчарево, Делчево. (1894)

Воена книшка на име Себадин Јашароски, ул. „Д. Завој" бр. 117, Прилеп. (1895)

Свидетелство за VIII одделение на име Зоран Тодороски, с. Самоков, Македонски Брод. (1896)

Свидетелство на име Џеваир Руфати, с. Добридол, Гостивар. (1897)

Сообраќајна дозвола ТЕ 10971 на име Бајрам Мустафи, ул. „Кочо Зози" бр. 34, Гостивар. (1898)

Свидетелство за осумгодишно училиште на име Исак Алиу, с. Форино, Гостивар. (1899)

Здравствена легитимација на име Саније Ебипи, ул. „Бр. Миладинови" бр. 117, Тетово. (1900)

Свидетелство на име Менка Савеска, ул. „Илинденска" бр. 106, Тетово. (1901)

Свидетелство за VIII одделение на име Аки Шерифи, с. Камењане, Тетово. (1902)
Свидетелство за IV година гимназија на име Ирфан Бафтијари, с. Челопек, Тетово. (1903)
Диплома од гимназија на име Ирфан Бафтијари, с. Челопек, Тетово. (1904)
Свидетелство за II година, издадено од Гимназијата „Ацо Русковски“ — Берово на име Јорданка М. Козарска, с. Будинарци, Берово. (1905)
Здравствена легитимација на име Весна Лазарева, ул. „Н. Н. Борче“ бр. 32/5, Битола. (1906)
Воена книшка на име Ѓорѓи Тодоров, ул. „Охридска“ бр. 124, Струмица. (1907)
Лична карта бр. 16221 на име Азем Мустафи, с. Милетино, Тетово. (1908)
Свидетелство на име Миодраг Спировски, с. Џепчиште, Тетово. (1909)
Свидетелство од I клас гимназија на име Алија Низафер, с. Групчин, Тетово. (1910)
Здравствена легитимација на име Наќи Минговски, с. Сараќино, Тетово. (1911)
Сообраќајна книшка бр. 248—548 на име Екрем Сулејмани, с. Форино, Гостивар. (1912)
Свидетелство за завршено IV одделение на име Шаин А. Османов, с. Габрово, Делчево. (1914)
Работна книшка на име Александар Гулевски, Т. Велес. (1915)
Здравствена легитимација на име Ваит Камбери, ул. „101“ бр. 7, Тетово. (1916)
Здравствена легитимација на име Арбреша Камбери, ул. „101“ бр. 7, Тетово. (1917)
Свидетелство за I година, издадено од Школата за физичка култура во Скопје на име Миле Ѓорѓиев, Скопје. (1918)
Свидетелства за V, VI и VII одделение, издадени од Основното училиште „26 Јули“ нас. Ш. Оризари на име Назмија Џемаилова, Скопје. (1919)
Свидетелство за VIII одделение, издадено од Училиштето „26 Јули“ нас Ш. Оризари Скопје на име Назмија Џемаилова, Скопје. (1920)
Здравствена легитимација издадена од Скопје на име Милан Пирковски, Скопје. (1921)
Свидетелство за VIII одделение, издадено од Основното училиште „Браќа Миладинови“ — Скопје на име Трајко Панчевски, Скопје. (1922)
Здравствена легитимација издадена од Гостивар на име Докија Мицевска, с. Ростуше, Гостивар. (1923)
Работна книшка издадена од Скопје на име Александар Жежељ, Скопје. (1924)
Здравствена легитимација издадена од Скопје на име Јанис Кисилиновски, Скопје. (1925)
Воена книшка издадена од Скопје на име Ѓоко Т. Томовски, Скопје. (1926)
Здравствена легитимација издадена од Скопје на име Игнат Натев, Скопје. (1927)
Воена книшка издадена од Београд на име Драган Ѓ. Коцевски, Скопје. (1928)
Воена книшка издадена од Београд на име Атула Адеми, Скопје. (1929)
Воена книшка издадена од Панчево на име Драган Димов, Скопје. (1930)
Диплома издадена од Средното медицинско училиште во Скопје на име Стојан Нешковски, Скопје. (1931)
Уверение за стално неспособен, издадено од Скопје на име Назми Красниќ, Скопје. (1932)
Здравствена легитимација издадена од Скопје на име Вера Андоновска, Скопје. (1933)
Уверение за пожарникар издадено од Скопје на име Неџби Хамза, Скопје. (1934)
Воена книшка издадена од Кочани на име Димитар Коцев, Скопје. (1935)
Воена книшка издадена од Скопје на име Бранко Јосип Јаковац, Скопје (1936)

## СОДРЖИНА

Страна


306. Одлука за доделување средства од Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија — — — — — 737
307. Одлука за доделување средства од Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија — — — — — 737
308. Одлука за начинот на формирање на цената на услугите во друмскиот патнички сообраќај — — — — — — — 737
309. Решение за највисоките износи на дневниците за службени патувања во странство што им се признаваат во материјални трошоци на републичките органи на управата — — — — — — — 737
310. Правила за внатрешното работење на општинските општествени правобранители на самоуправувањето — — — — 742


**Општи акти на самоуправните интересни заедници**


283. Одлука за определување на стапката за придонес за вработување — — — — 747
284. Одлука за определување стапките на придонесите за финансирање на ОСИЗ за општествена заштита на децата во Кочани — — — — — — — — — 747
285. Одлука за определување стапките на придонесите за финансирање на ОСИЗ за социјална заштита — Кочани — — 747
286. Одлука за утврдување стапка на придонесот за станбена изградба — — — 747
287. Одлука за определување на стапките на придонесот за основното образование за 1976 година — — — — — — — — 748
288. Одлука за утврдување стапки на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за физичка култура на општината Демир Хисар за 1976 година — — — — — — — — — — 748
289. Одлука за утврдување стапки на придонесите на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита на општината Демир Хисар за 1976 година — — 749
290. Одлука за утврдување стапки на придонеси на Општинската самоуправна интересна заедница на културата на општината Демир Хисар за 1976 година — 749
291. Одлука за утврдување стапки на придонес за станбена изградба — — — — 749
292. Одлука за висината на постојаниот износ на учеството на осигурените лица од работничко осигурување во трошоците за користење на издадени лекови — — 750
293. Одлука за утврдување стапката на придонесот за станбена изградба — — — 750
294. Одлука за утврдување стапките на придонесите од личните доходи на работните луѓе на Заедницата на основното образование на општина Гостивар — — 751


**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах. 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**